


**ПРЕСПА ВО ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН**

Од голема важност за Преспа, секако е Преспанското Езеро, кое е второ по големина во Македонија. Тоа зафаќа површина од 294 $km^2$, со најголема длабочина од педесетина метри кај селото Нивици. Денес заради губењето на големи количини вода, Преспанското Езеро се повлекува и смалува. Тоа е заобиколено со високите планини и од сите страни дава величествена глетка.

Се наоѓа на околу 850 метри надморска височина, а температурата на водата се движи од над 18°C во јуни до 24°C во јули и август. Брегот е песоклив, а температурата на воздухот во лето е пријатна. Две третини од Преспанското Езеро и припаѓаат на Република Македони-ја, а една третина на Грција и Албанија. Тромеѓето е во близина на островот Голем Град.

Македонскиот цар Самуил својата престолнина ја сместил не случајно на островот Ахил во Преспа, кој се наоѓа на таканареченото Мало Преспанско Езеро, во Егејска Македонија што сега припаѓа на Грција. На островот Мал Град, што е на албанска територија, пак, се наоѓа црквата посветена на свети Петар и Павле, а на брегот кај Нивици е црквата Света Богородица.

Затоа со право се вели дека цар Самуил не ја избрал Преспа за своја престолнина случајно. И сега и тогаш, Преспа била питома и богата со големи населби, со плодно поле и зелени пасишта, со богат лов на риби во тогашното езеро и големата река, кои му овозможувале на царот доволно храна за војската и робовите што ги држел. Преспа ја видел и како тврдина која му обезбедувала спокоен престој за војската и управата, особено кога се враќал од походите.

Самуил во Преспа почнал да гради патишта и други паметници. Така, на островот во Долна Преспа ја изградил црквата Свети Ахил, која имала 12 олтари во кои на обредите пееле 12 попови. Црквата ја подигнал по неговата голема победа над Византијците, во близина на Лариса, каде што бил инспириран од тамошната црква Свети Ахил, решил таква црква да изгради и во Преспа.

Во новата црква ги донел и моштите на патријархот Ахил, бидејќи ја изградил во негова чест. Црквата е лоцирана на источната страна, во подножјето на островот, а еден дел од неа денес се наоѓа во водите на езерото, како урнатина.

На островот царот изградил четири цркви, во кои работеле голем број калуѓери. Тие ја обработувале и манастирската земја, чувале стада говеда и овци и се грижеле за одржувањето на објектите. Кога подоцна во Мала Преспа надошле води и го поплавиле полето и патот до островот, калуѓерите и селаните од Ахил, чие село тогаш било големо, ја доградувале калдрмата за населението од Преспа да може да доаѓа на „светата" земја.



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**